Бр. 12-2442/4
11-06-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 19-та седница одржана на ден 07 јуни 2019 година донесе:

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност, односно нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12- 2442/1 од 16.04.2019 година.

Предметот со број 12- 2442/1 од 16.04.2019 година да се затвари и да се архивира.

До подносителот на пријавата не се доставува писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија, од причини што подносителот, до ДКСК, не доставил лични и адресни податоци за контакт.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 2442/1 од 16.04.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител физичко лице од Б-------------.

Со пријавата се изнесуваат незадоволство, како и сомневања во врска со користење на влијанија на службени лица како резултат на кои на физичко лице од Б------------ огласен за виновен во 20---година со пресуда на Основниот суд во ------------, а со која му е изречена алтернативна мерка – условна осуда за сторено кривично дело "----------" и за кое му е утврдена казна затвор од -------------- месеци која нема да се изврши доколку во рок од 1 (една) година не стори ново кривично дело, не му е ограничено правото на носење на оружје, со посочување дека е истото лице, подоцна, вработено на работно место кое подразбира ----------------------.

При утврдувањето на фактичката состојба по однос на конкретниот случај и при оценкатаа на основаноста на наводите од пријавата Државната комисија се раководеше од фактот дека се работи за паушални наводи и за наводи по однос на кои е постапено и е донесена одлука од друг надлежен орган.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk